Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-30/3
29.7.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 8/2025
за ангажирање на експерти за подготовка на едукативни материјали за социјални права

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), има потреба од **ангажирање на тројца експерти кои ќе подготват едукативни материјали за социјални права,** неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

   Проектот е ослободен од ДДВ

2. Опис на услугата:
   - Еден водич за остварување на социјални права во управни постапки;
   - Текст за три памфлети;
   - Текст за едно анимирано видео;
   - Текст за еден постер.

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 8/2025 која е дел од оваа набавка.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до октомври 2025 година.**

ИЧП ќе склучи договор со избраните понудувачи за реализација на услугите наведени во точка 2 од овој повик.

4. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот повик, во следниот формат:

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Опис на услугата	Цена во бруто износ (МКД)
Еден експертски ден	

5. Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Образование	max 15
Искуство	max 45
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	max 40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	max 60
Просечна оценка за финансиска евалуација	max 40
Вкупна оценка	**100**

6. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата, најдоцна во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **13.08.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **11.08.2025 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска,
Институт за човекови права